ЗАПИСНИК
од 11-та јавна седница на Советот
одржана на 30.04.2009 година

Присутни членови на Советот: Зоран Стефаноски, Илир Ајдини, проф. д-р Томе Груевски, проф. д-р Али Алиу, Панче Наумов и Фарук Омерагиќ, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ и Столе Наумов.

Отсутни: /

Присутни од Стручна служба: Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, Слободан Беличански, Цветанка Митревска, Снежана Трпевска, Сашо Богдановски и Арѓент Џелили.

Седницата ја отвори и ја водеше претседателот на Советот, Зоран Стефаноски, при што за седницата беше утврден и усвоен следниот:

Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од 10-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на 09.04.2009 година.

2. Верификација на новите членови на Советот за радиодифузија на РМ.

3. Информација во врска со актуелните состојби во Советот за радиодифузија на РМ (усно излагање на Претседателот на Советот за радиодифузија на РМ, Зоран Стефаноски).

Точка 1

Записникот од 10-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на 09-ми април 2009 година, беше усвоен во целост како што беше предложен.

Точка 2

Во рамките на точката 2 беше верификуван мандатот на тројцата членови на Советот избрани од Собранието на РМ, при што претседателот на Советот констатираше дека:

- академик Бојан Шоптрајанов е избран со Одлука на Собранието на РМ, бр. 07-1745/1 од 10 април 2009 година;
- Стојанче Наумов е избран избран со Одлука на Собранието на РМ бр. 07-1850/1 од 15 април 2009 година и
- Бранко Радовановиќ е избран со Одлука на Собранието на РМ бр. 07-1850/1 од 15 април 2009 година;

По верификацијата на новите членови, Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски им посака успех во работата во текот на нивниот мандат.

Точка 3

Претседателот на Советот за радиодифузија на Република Македонија, Зоран Стефаноски преку своето излагање, направи пресек на досегашната работа на Советот и на приоритетите во наредниот период. Претседателот Стефаноски како приоритети во наредниот период ги посочи активностите поврзани со започнувањето

на процесот на дигитализација на радиодифузијата во Република Македонија. Овие активности паралелно ќе се одвиваат со зајакнувањето на капацитетите на Советот и подготовката на нови подзаконски акти.

Бр. 02-2045/2
27.05.2009 година
С к о п ј е

Совет за радиодифузија на РМ
П р е т с е д а т е л,
Зоран СТЕФАНОСКИ, с.р.

Записникот го водеше,
Огнен Неделковски